*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр. 05-1238/1*
*04.03.2020 2020 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда, заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *ОДЛУКА*
### *за јавна набавка*

*1.За потребите на Министерство за правда е потребно да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: Набавка на одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерството за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерството за правда.*

*1.2. Предметот на набавка е делив на делови и тоа:*

***ДЕЛ 1** - Набавка на услуга за одржување и сервисирање на уреди за непрекинато напојување УПС-и и набавка на батерии за УПС-и во објектот на Министерството за правда.*

***ДЕЛ 2** - Набавка на услуга за одржување и сервисирање на уреди за непрекинато напојување УПС-и во ИТ центарот на Министерството за правда*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 700.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 126.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 826.000,00 денари.*

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2020.03.04
10:35:09 CET

*Плаќањето ќе се изврши од  редовна буџетската сметка на Министерство за правда  637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020/2021 година.*

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 49**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **поедноставена отворена постапка**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. Ацо Живковски - **претседател на Комисијата за јавни набавки** |
| 2. Теута Бериша –**член на Комисијата за јавни набавки** |
| 3. Јетон Халили – **член на Комисијата за јавни набавки** |

| | |
|---|---|
| 4. Михајло Војшикив - **заменик претседател на Комисијата за јавни набавки** |
| 5. Катерина Паневска – заменик член на **Комисијата** за јавни набавки |
| 6. Насер Ќамили – заменик член на **Комисијата** за јавни набавки |

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки на Министерство за правда со бр. 05-13/1 од 02.01.2020 година потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е Набавка на одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерството за правда, кој предмет на набавка е делив на делови и тоа:

**ДЕЛ 1 - Набавка на услуга за одржување и сервисирање на уреди за непрекинато напојување УПС-и и набавка на батерии за УПС-и во објектот на Министерството за правда.**

**ДЕЛ 2 - Набавка на услуга за одржување и сервисирање на уреди за непрекинато напојување УПС-и во ИТ центарот на Министерството за правда**

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 700.000,00 ден без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 126.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 826.000,00 денари. Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637,

*Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2020/2021 година.*

*Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.*

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Доставено до:*
- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*Подготвил:* *Марина Миновска - советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева - раководител на одделение*
*Одобрил: Убавка Матевска Скаловска - раководител на сектор*